# 2011

# СКУЛПТУРИ НА НОВОТО ВРЕМЕ



## АЛЕКСАНДРА ПЕТКОВА ГИАНЕЛИ

Родена е 1983. Дипломирала 2008 на ФЛУ ˙ Скопје насока вајарство, рачна изработка на хартија. Од 2005 излага на повеќе групни изложби во Скопје и Св. Николе, како и во Србија (Белград), Турција, Грција, Бугарија и Романија. Самостојно излага 2009 на Крит Грција и 2010 Ќустендил, Бугарија.
Член е на ДЛУМ од 2010.
Живее и работи во Скопје.



"Назад во времето"
58x38x22, полиестер, 2008



**АНГЕЛ ДИМОВСКИ ЧАУШ**

Роден е 1952 во Крнино-Велес. Во 1973 завршува Училиште за применета уметност во Скопје - вајарски отсек во класата на Димо Тодоровски. 1973-77 студира Историја на уметност со археологија во Скопје, а 1980 се запишува на ФЛУ - Скопје, отсек вајарство со театарска, филмска и телевизиска сценографија. По завршувањето на истиот се посветува во областа на скулпторското творење, а остварува и студиски престои во Италија, Шпанија, Германија, Грција, Египет и Турција. Од 1984 членува во ДЛУМ, а од 2002 член е на француското друштво на ликовни уметници “La maison desartistes“. Живее и работи како слободен уметник во Македонија и Франција. Самостојно излагал во Скопје, Велес, Гевгелија, Куманово, во Германија ...Групно излага на повеќе изложби во Македонија и Франција. Неговите дела се присутни во збирките во Америка, Африка, Франција, Холандија и др.



“Тој и таа“
25x32x10, алуминиум, 2011



## АНГЕЛ КОРУНОВСКИ

Роден во Велес во 1979, во 1998 завршил средно Училиште за применета уметност, отсек - скулптура во Скопје. Во 2003 дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек - скулптура, во класата на професор Васил Василев, насока конзервација и реставрација. Во 2003 запишал постдипломските студии на ФЛУ во Скопје. Самостојно изложувал во Скопје, Велес и Куманово, а реализирал и монументални скулптури во Скопје, Велес и Битола. Учествувал во работата на повеќе колонии, проекти, групни изложби а за својата работа има добиено повеќе награди и признанија. Студиски престои: Србија и Црна Гора, Бугарија, Грција и Франција, Site internacionale des arts 2005. Живее и работи во Велес.



“Топче“
15x48x25, дрво,метал,епоксит, 2011

**БЕДИ ИБРАХИМ**



Роден е во Скопје во 1959 ФЛУ, оддел за скулптура завршил во класата на проф. Петар Хаџи-Бошков во Скопје во 1985. Во 1999 завршил постдипломски студии на истиот факултет кај проф. Стефан Маневски и Васил Василев. Од 1985-1989 бил член на групата Зеро. Во 1991 како стипендијант на ФЛУ при Универзитетот Мимар Синан Истанбул престојувал на истиот универзитет, како и во ателјето на светски познатиот архитект Џенгис Бекташ. Во 1992 под менторство на Томур Атагок престојувал на Јилдиз Универзитетот во Истанбул каде вршел истражувања во Кападокија. Во 1999 член е на Советот за култура при Министерството за култура, како и член на Комисијата при ФАРЕ фондацијата. Има реализирано околу 15-тина самостојни изложби, како и учество на многу колонии и групни изложби во земјата и странство. Учествува на сите изложби на биеналната изложба на скулптури - "Скулптури на новото време" Куманово.



"Птица"
200x80x80, дрво, 2009



## БОГОЈА АНЃЕЛКОСКИ

Роден 1963 година во Печково, Гостивар. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1987 година (отсек вајарство) во класата на проф. Стефан Маневски. Реализирал седум самостојни изложби во земјата и странство и учествувал на повеќе групни изложби, ликовни проекти и колонии. Добитник е на повеќе награди и признанија. Автор е и на монументални скулптури.
Живее и работи во Скопје.

"Бран"
40x14x12, метал, 2010





## ЕМИЛ СОЛЕСКИ

Роден 1969 во Прилеп. Студирал на Ф.Л.У. - Скопје, отсек вајарство со конзервација и реставрација во класата на проф. Бранко Конески. Дипломира во 2002 под менторство на проф. Жарко Башески. Првата самостојна изложба со наслов "Ритам" ја поставува во склоп на Н.К.С. „Десет Дена Крушевска Република". Други самостојни иложби: „Прогресија", „Птица" Ц.К. „Марко Цепенков"- Прилеп, „Корија" Чифте амам Прилеп, „Скици" Споменик „Илинден" Крушево. Групни изложби: Скопје, Куманово, Крушево, Прилеп, Берат - Албанија.
Од 2010 член е на Д.Л.У. Прилеп. Работи како ликовен педагог во Крушево. Живее во Прилеп.



"Не умри коњу ..............."
Камен, 2011
47 x 40 x 20 цм.



## ГАБРИЕЛА АЦЕСКА

Родена е 1986 во Прилеп. Матурира во Државно средно училиште за применета уметност "Лазар Личеноски" Скопје, отсек применето вајарство кај проф. Ангел Нацевски 2004, за да продолжи на ФЛУ-Скопје во класата на проф. Жарко Башевски. Учествува на повеќе групни изложби и ликовни колонии во земјава. Работела како графички дизајнер во Иститутот за Старословенска култура во Прилеп.

Живее и работи во Прилеп.



"Разделеност"
93x17x32, дрво, 2007



## ГОРАН ЃОРЕВ

Роден е 1976 во Кавадарци. Дипломирал 2003 на факултетот за ликовна уметност во Скопје, отсек -вајарство во класата на професор Бранко Конески, насока - конзервација и реставрација кај Благоја Кузмановски . Во 2005 се доквалификува како ликовен педагог. Член на ДЛУМ Друштво на ликовни уметници на Македонија Скопје.

Живее и работи во Демир Капија.

Групни изложби во Неготино и Скопје, самостојни изложби: 2005 Самостојна изложба НУ-Центар за култура "Антон Панов" Струмица, 2005-Самостојна изложба НУ-Центар за култура "Трајко Прокопиев" Куманово; 2007 Самостојна изложба НУ-Центар за култура "Ацо Ѓорчев"Неготино.



"Немирен бран"
38x25x15, оникс , 2011



## ГОРАН СТАМЕНКОВ

Роден е во Скопје 1976.
Дипломирал вајарство со керамика 2008 на ФЛУ - Скопје.
Учествувал на повеќе ликовни колони и групни изложби.
Живее и работи во Скопје.



" Бенг"
100x40x2, полиестер, дрво, 2011



## МАЈА КРСТЕВА

Родена е 1983 во Кавадарци , дипломирала на факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек вајарство во 2007 во класата на проф. доцент Беди Ибрахим. Учествувала на повеке групни изложби и ликовни колонии. Живее и работи во Кавадарци.



"Губење на индивидуалноста"
71x18x13, полиестер, хартија, 2010



## МАЈА ТАНЕВА

Родена е 1984 во Скопје. Дипломира 2007 и магистрира 2009 на Академијата за ликовни уметности во Софија - отсек,скулптура. Член е на ДЛУМ од 2010. Има учествувано на повеќе групни изложби во Бугарија и Македонија. Самостојни изложби има реализирано во 2008 во Скопје и Прилеп. Живее и работи во Скопје.

"Паун"
30x22x12, гипс, 2011





## МАРИЈА СТОЈАНОСКА

Родена е 1981 година во Прилеп каде и завршува основно образование.Средното образование го завршува во Д.С.У.П.У " Лазар Личеноски" во Скопје отсек - вајарство. Дипломира вајарство на факултетот за ликовна уметност во Скопје 2005 година во класата на Проф. Васил Василев. Во тек е подготовка на магистарската теза на институтот за историја на уметност, постдипломски студии на филозофскиот факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Владимир Величковски.

Член е на уметничката група "Авангарда" и член е на ДЛУМ.

Учествувала на 17 групни изложби во земјата и странство, 3 самостојни изложби во земјата ,7 ликовни колонии , 1 балканска колонија на Жени уметници , 2 биеналиња на млади уметници вајари .



"Заробен портрет"
60x25x25, дрво, 2011



**МАРИЈАНА МИЛЕСКА**

Родена во Прилеп 1987. Завршува 2006 ДСУПУ "Лазар Личеноски" Скопје, оддел керамика. Дипломира 2010 Факултет за ликовни уметности во Скопје, оддел скулптура со конзервација и реставрација во класата на проф. Беди Ибрахим. Групни изложби: 2002 Битола " Илинденски денови", 2010 Македонски Брод и "Топол културен бран" Дом на културата Македонски Брод.

"Ореов плод"
32x22x18, бетон, 2011





## МАРЈАН СТОЈАНОСКИ

Роден е 1983 год. Во Прилеп каде завршува и основно образование. Средното образование го завршува во Д.С.У.П.У "Лазар Личеноски" во Скопје отсек Керамика. Апсолвент е на факултетот за ликовна уметност во Скопје во класата на Проф. Ибраим Беди, со подсмер реставрација и конзервација . Член на Друштвото на ликовни уметници Прилеп. Учествува на повеќе групни како и самостојни изложби во земјава и странство. Самиот автор има организирано ликовни колонии, и повеќе проекти за дружење помеѓу младите уметници од Балканот и пошироко. Живее и работи во Прилеп.

"Форма 1"
96x60x26, дрво, 2011





## МАРТИНА ТОНЕСКА

Родена е 1986 во Куманово. Завршила ДСУПУ "Лазар Личеноски" Скопје и ФЛУ Скопје, насока вајарство. Учествувала на повеќе групни изложби , проекти и колонии во Куманово, Истанбул, Скопје и Тетово. Асистирала при изработка на монументални скулптури и инсталации. Живее и работи во Куманово.

“Random portraits“
28x6x16, пчелин восок-саќе, 2011





**МИРОСЛАВ ВЕЛИЧКОВСКИ**

Роден е 1983, во Скопје. Завршил училиште за применета уметност “Лазар Личеновски” Скопје, оддел вајарски. Во 2006 дипломирал на Факултет за ликовни уметности Скопје оддел вајарство - керамика. Учествувал на повеќе групни проекти , изложби и ликовни колонии. Живее и работи во Куманово.

“Реден број“
46x28x40, дрво, метал, 2011





**НИКОЛА СМИЛКОВ**

Роден е во Штип 1973 година. По завршувањето на ФЛУ во Скопје, во 2002 магистрира во областа вајарство, во класата на Драган Попоски- Дада. Групни изложби: 2009 - Интернационална изложба на ДЛУМ во Дворецот на културата, Софија, Бугарија, 2010- Меѓународно биенале на уметноста на минијатура, Горни Милановац, Србија, Скулптури на новото време Куманово и др.
Живее и работи во Штип.



"Приближување"
57x23x8, мермер, 2011



**ПЕРО КОВАНЦАЛИЕВ**

Работи и живее во Гевгелија.
2000-та завршува Училиште за применета уметност “Лазар Личеновски” Скопје, вајарски оддел.
2006 завршува на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Факултет за ликовни уметности - вајарски оддел.
2005 станува член на Друштвото на Ликовни уметници во Гевгелија.
Учесник на многубројни групни изложби во и надвор од државата.



“Објект“
32x58x30, метал, 2009



## САШКО ЈАНЕВ

Роден 1982 во Кавадарци. Дипломирал скулптура во класата на проф. Емил Попов во Софија во 2006 год. Член е на Друштвото на ликовни уметници на Кавадарци. Живее во Неготино а работи во Музејот во Демир Капија. Учествувал на повеќе групни изложби во Македонија, Бугарија и Србија.



“Стапало“
24x10x10, гипс, 2007



## САШО САЗДОВСКИ

Роден е 1976 во Скопје. Завршил средно Училиште за применета уметност “Лазар Личеноски” - Скопје (1995); дипломирал на ФЛУ - Скопје, вајарство и графички дизајн (2000) и магистрирал на ФЛУ - Скопје, вајарство во класата на проф. Драган Попоски Дада (2002). Работел како графички дизајнер, професор и скулптор а досега има реализирано 7 самостојни изложби и преку четириесетина групни проекти. Од позначајните негови дела се и монументалните скулптури: “Бесконечна циркулација” (2009 -Поставена на кејот на реката Вардар) и “Енергетски трансфер” (2009 - Поставена пред зградата на Министерството за култура на Република Македонија).

Член на ДЛУМ од 2000.

Живее и работи во Скопје.

“Енергија“
23x23x23, мермер, 2005





**СОЊА НАСЕВСКА**

Родена во Скопје во 1985. 2004 завршува ДСУПУ „Лазар Личеноски", Скопје, оддел скулптура, а 2010 BFA, Факултет за ликовни уметности во Скопје, оддел скулптура.

Групни изложби: 2010 Скопје (Македонија), Истанбул (Турција), како и учество на колонии и симпозиуми.

Живее и работи во Скопје.



"Контраудар"
68x10x10, метал, 2011



## СТОЈМИР ПЕТРОВ

Роден е во 1941 во Шлегово - Кратово. Завршува средно образование во Училиштето за применета уметност - 1963 во класата на Лазар Личеноски. Во 1965/6 се запишува на Академијата за применета уметност во Белград, во 1971 дипломира на отсекот за вајарство со применета пластика (1973 магистрира). Работел како дизајнер (раководител на оделение), реставратор - конзерватор, но и како ликовен педагог. Од 1995 работи како директор на Музејот на град Кратово, а во 2003 работи како директор на Домот на културата во Кратово. Учествува на повеќе ликовни проекти меѓу кои и на "Скулптури на новото време 2007 и 2009" во Куманово.



"Женско торзо"
52x16x16, патиниран гипс, 2005

Шестото издание на биеналната изложба на скулптури “Скулптури на новото време 2011“ покажува тенденција на скулпторите кон продолжување на својот авторски континуитет, без некои радикални свртувања кон новите идеи и практики од светските културни сцени. И понатаму се твори во рамките на концептите од шеесеттите и осумдесеттите, со обиди за внесување на автентични авторски детали во веќе апсолвираните творечки идеи, проверени пред пошироката публика и ликовна критика. Оттаму е и чувството дека развојната компонента и истражувачкиот дух се во една позабавена состојба која, пак, произлегува од моменталната состојба на материјално техничката способност за некои посериозни предизвици. Сепак, и од понудениот скулпторски материјал може да се види некоја перспектива која во претстојниот период може да еволуира во насока на интегрирање во актуелните современи регионални скулпторски изразувања. Движејќи се од позиција на решавање на скулпторската проблематика со формули земени од класичната скулптура, преку концептуалниот пристап до внесување на иновативни елементи, материјали и постапки, авторите на овие дела покажуваат дека се значаен дел од македонската скулпторска современа сцена.

Главната задача и идеја околу која што се организира оваа изложба е правење на моментален пресек на скулпторската продукција па затоа во овој проект се вклучени скулптори од сите генерации. На отворениот повик интерес за оваа изложба пројавија повеќе автори, а најподготвените (22 скулптори) беа вклучени во презентирањето на поставката којашто содржи исто толку скулптури. Една од работите по која што е карактеристична оваа изложба е нејзината подвижност, односно традиционално претставување во повеќе галериски простори ширум Република Македонија. Се надеваме дека покрај љубителите на скулптурата од Куманово можност за запознавање со оваа поставка ќе има и во другите градови коишто ќе покажат интерес кон ваков вид на авторско изрзување. Впрочем, скулптурата поставена во простор, иако радикално го менува истиот, говори на разбирлив јазик за сите конзументи на овој вид уметност од што произлегува и универзалноста, комуникативноста и вонвременската егзистенција на скулпторската продукција во било кој простор. Предизвикувањето на поголем интерес кон овој биенален проект и скулпторската сцена воопшто се нашите приоритети при реализација на “Скулптури на новото време 2011“ при што сме благодарни на сите оние коишто на некој начин се дел од оваа изложба. НУ Центарот за култура како организатор и координатор на оваа скулпторска презентација на автори и дела, подржана од Министерството за култура на Република Македонија и понатаму ќе прави напори кон поврзување на креативниот уметнички потенцијал со пошироката публика.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија

Издавач: Национална установа - Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово

За издавачот: Роберт Павлевски, организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски, текст и фотографии: Роберт Цветковски,
Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски,
Печати: “КИМЕ-ГРАФ“ - Куманово, Тираж: 300, Куманово 2011